ОПШТИНА ПЛАСНИЦА - PLASNITSA BELEDIYESI

Бр.-No. 04 - 66/13

07 . 02 2019 год.-yil.

ПЛАСНИЦА - PLASNITSA

Врз основа на член 52 став (1), (2) и (5) од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ“бр.27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 80/16, 127/16, 142/2016 2/17, 16/17 и 11/2018), Градоначалникот на Општина Пласница донесе:

**ОДЛУКА**

**за избор за унапредување на административен службеник по интерен оглас**

**1.**По интерниот оглас бр.1/2019 објавен на 25.01.2019 година, за унапредување на административни службеници во Општина Пласница се избираат:

– **Едисен Зеќироски**, за работно место, Советник за правни работи, работи со Совет на општината и јавни набавки во Одделение за правни, општи работи и јавни дејности, со шифра УПР0101В01000.

- **Фекри Садику**, за работно место, Советник за урбанизам и просторно планирање, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој, Одделение за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој, со шифра: УПР0101В01000.

**2.**Именуваните ќе бидат унапредени на работното место од став 1 на оваа Одлука во рок од пет дена по конечноста на оваа Одлуката.

**3.**Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесувањето.

**Образложение**

На ден 25.01.2019 година на веб страницата на Општина Пласница и на веб страната на Агенцијата за администрација објавен е интерен оглас бр.1/2019 за унапредување на административни службеници во Општина Пласница.

Со Решение бр.04-66/10 од 31.01.2019 година, формирана е Комисија за селекција за унапредување по интерен оглас. Комисијата спроведе административна селекција и состави Записник бр.04-66/11 од 06.02.2019 година, и спроведе интервју со уредните кандидати, и за истото состави записник бр.04-66/12 од 06.02.2019 година.

Врз основа на вкупно освоените бодови од административната селекцијата и интервјуто, Комисијата состави финална ранг листа и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат, поединечно за секое работно место предвидено во Интерниот оглас бр.1/2019 година.

Од доставената финална ранг листа и предлог одлуката за избор на прво рангираниот кандидат, Градоначалникот на Општина Пласница изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Правна поука**: Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право во рок од осум дена да поднесе жалба до Агенцијата за администрација.

<u>**Доставено до:**</u>

- **именуваниот,**
- **архива**

**ОПШТИНА ПЛАСНИЦА**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**ИСМАИЛ ЈАХОСКИ**